9.5



43. Општина Дојран 9 членови на советот на општината
44. Општина Долнени 15 членови на советот на општината
45. Општина Желино 15 членови на советот на општината
46. Општина Зелениково 9 членови на советот на општината
57. Општина Зрновци 9 членови на советот на општината
48. Општина Илинден 15 членови на советот на општината
49. Општина Јегуновце 11 членови на советот на општината
50. Општина Карбиници 9 членови на советот на општината
51. Општина Конче 9 членови на советот на општината
52. Општина Кривогаштани 11 членови на советот на општината
53. Општина Липково 19 членови на советот на општината
54. Општина Лозово 9 членови на советот на општината
55. Општина Маврово и Ростуша 11 членови на советот на општината
56. Општина Могила 11 членови на советот на општината
57. Општина Новаци 9 членови на советот на општината
58. Општина Ново Село 11 членови на советот на општината
59. Општина Петровец 11 членови на советот на општината
60. Општина Пласница 9 членови на советот на општината
61. Општина Ранковце 9 членови на советот на општината
62. Општина Росоман 9 членови на советот на општината
63. Општина Сопиште 11 членови на советот на општината
64. Општина Старо Нагоричане 9 членови на советот на општината
65. Општина Студеничани 19 членови на советот на општината
66. Општина Теарце 15 членови на советот на општината
67. Општина Центар Жупа 9 членови на советот на општината
68. Општина Чашка 11 членови на советот на општината
69. Општина Чешиново 11 членови на советот на општината
70. Општина Чучер Сандево 11 членови на советот на општината

в) Општини со седиште во град Скопје

71. Општина Аеродром 27 членови на советот на општината
72. Општина Бутел 19 членови на советот на општината
73. Општина Гази Баба 27 членови на советот на општината
74. Општина Ѓорче Петров 23 членови на советот на општината
75. Општина Карпош 27 членови на советот на општината
76. Општина Кисела Вода 27 членови на советот на општината
77. Општина Сарај 19 членови на советот на општината
78. Општина Центар 23 членови на советот на општината
79. Општина Чаир 27 членови на советот на општината
80. Општина Шуто Оризари 19 членови на советот на општината.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на бројот на членовите на советите на општините во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 57/04 и 17/13).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија, а ќе отпочне да се применува од првите наредни локални избори.“

Бр. 41-841/7
24 септември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**3429.**

Врз основа на член 30 став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/24), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24 септември 2024 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО ЦИВИЛНОТО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

1. Со оваа одлука се формира Национален комитет за обезбедување во цивилното воздухопловство заради преземање превентивни мерки, организирани акции и елиминација на последиците од дејства на незаконско постапување во цивилното воздухопловство.

2. Националниот комитет за обезбедување во цивилното воздухопловство се состои од по двајца претставници, член и заменик член, кои на барање на претседателот на Комитетот се номинираат од:
- Министерството за транспорт,
- Министерството за внатрешни работи,
- Агенцијата за национална безбедност,
- Министерството за одбрана,
- Министерството за финансии-Царинската управа,
- Агенцијата за цивилно воздухопловство,
- давателот на ATM/ANS услуги,
- операторот на аеродромите,
- давателот на земски услуги на аеродром,
- домашните авиопревозници и
- претставници на други субјекти, доколку нивната дејност е од значење за обезбедувањето.

3. Претседател на Националниот комитет за обезбедување во цивилното воздухопловство е директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, во својство на национален координатор за обезбедување во цивилното воздухопловство.

4. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање на Национален комитет за обезбедување во цивилното воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр.168/17).

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2585/5
24 септември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**3430.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 септември 2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА КЛИНИЧКА БОЛНИЦА „Д-Р ТРИФУН ПАНОВСКИ“ - БИТОЛА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство, му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Реден број | Назив на движната ствар | Модел | Производител | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Индексиран стандарден Винг Борд за имобилизација на торакс, со фиксатор за иБЕАМ ево вид на третманска маса | МТВБ09 МТИЛ3950 | Цивцо | парче | 2 |
| 2 | Брестборд-систем за имобилизација на дојка, со фиксатор за иБЕАМ ево вид на третманска маса | МТ350Н со лежиште за глава и колкови МТТАС2Р МТТАС2Л МТТВС2С МТИЛ3950 | Цивцо | парче | 2 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“ - Битола.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“ - Битола со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-4403/5
24 септември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**3431.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18, 22/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 септември 2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари-објекти, кои се наоѓаат на улица „29 Ноември“ бб, на КП бр.2873/1, КО Тетово-1, и тоа:

- зграда бр.37, намена на зграда и друг објект В2-4, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 01, намена на посебен дел од зградата ДП, со внатрешна површина од 119 м²,
- зграда бр.37, намена на зграда и друг објект В2-4, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 01, намена на посебен дел од зградата П, со внатрешна површина од 69 м²,
- зграда бр.38, намена на зграда и друг објект В2-4, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 01, намена на посебен дел од зградата ДП, со внатрешна површина од 188 м² и
- зграда бр.38, намена на зграда и друг објект В2-4, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 01, намена на посебен дел од зградата П, со внатрешна површина од 70 м²,

во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-4490/7
24 септември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**3432.**

Врз основа на член 383 став (1) точка 4) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20, 215/21 и 99/22), Владата на Република Северна Македонија, во својство на собрание на акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 септември 2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ ИГРИ НА СРЕЌА ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се одобрува работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија во врска со донесувањето на Одлуката за отпочнувањето на постапката за престанување на трговските друштва за приредување интернет игри на среќа бр. 02 – 6503/2 од 19.9.2024 година, донесена од страна на Управниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија на седницата одржана на 19.9.2024 година.